Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и Предлог за вработување на кандидат по јавен оглас број 562/2025 доставен од Агенција за администрација број 10-1441/8 од 24.07.2025 година ( примен во ООУ„Ристо Крле„ Кадино под бр.04-121/3 од 24.07.2025 година) Директорот на ООУ„Ристо Крле„ Кадино донесе:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
РИСТО КРЛЕ
Бр. 04-121/4
24.7. 2025 год.
Кадино, Илинден

# ОДЛУКА

## За избор на кандидат за вработување административен службеник за работно место Советник за општи и нормативно правни работи- Секретар, Одделение за нормативно- правни работи, човечки ресурси и општи работи по објавен јавен оглас бр.562/2025

1.За извршител на работно место ОБН0102В01001 Советник за општи и нормативно правни работи- Секретар, Одделение за нормативно- правни работи, човечки ресурси и општи работи, се избира кандидатот Наташа Павлеска со идентификациски код 0АС5489 со вкупно освоени бодови со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 61.03.

2. Избраниот кандидат од точка 1 ќе биде вработен на работното место по конечноста на оваа одлука за што ќе биде донесено посебно решение.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување.

## *Образложение*

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас, формирана со Решение на Директорот на Агенција за администрација бр.10-1441/3 од 01.07.2025 г., во функција на спроведување на постапка за административен службеник за работите од точка 1 на оваа Одлука, а по Огласот за вработување на административни службеници бр.562/2025 објавен на ден 21.06.2025. во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен Печат" и „Коха", спроведе административна селекција за административен службеник- записник од извршена административна селекција за административен службеник бр. 10-1441/4 од 10.07.2025 г., спроведе испит за административен службеник- Записник од спроведен испит бр.10-1441/6 од 23.07.2025 год. спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник- Записник бр.10-1441/7 од 24.07.2025 год.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, комисијата изготви Конечна- ранг листа и Предлог кандидати за вработување на

работното место Советник за општи и нормативно правни работи- Секретар, Одделение за нормативно- правни работи, човечки ресурси и општи работи со бр. 10-1441/8 од 24.07.2025 год.

Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, Директорот на ООУ„Ристо Крле“ н.м Кадино О.Илинден изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенција за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата.

ДОСТАВЕНО ДО:

-Избраниот кандидат

- Агенција за администрација

- Архива

ООУ„ Ристо Крле “ н.м Кадино

Директор

Јовче Петковски